Архивски број: 08-321/8
26-06-2023 година

Постапуваајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-321/1 од 18.04.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола за извршена дискриминација по основ на личен и општествен статус во областа на работните односи од страна на Сања Лукаровска, директор на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и [redacted] на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – Регионална дирекција Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 26.06.2023 година го донесе следново

М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Сања Лукаровска, директор на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и [redacted] на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – Регионална дирекција Битола, кон лицето Билјана Стојановска од Битола.

О б р а з л о ж е н и е

На 18.04.2023 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Битола за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Сања Лукаровска, директор на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: УЈП) и [redacted] на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – Регионална дирекција Битола (во понатамошниот текст: УЈП - РД Битола).
[redacted] регистрација на даночни обврзници – правни лица во Одделение за регистрација на даночни обврзници – правни лица во УЈП - РД Битола. Таа на 03.01.2023 година поднела две пријави за унапредување на работните места: Даночен советник за регистрација на даночни обврзници – правни лица и Асистент за услуги на даночни обврзници. Во претставката, подносителката потенцира дека моментално таа ги врши работните задачи за двете горенаведени

работни места. Таа тврди дека потенцијалните дискриминатори ја дискриминираат од неразјаснети причини и не сакаат да биде унапредена.
Во претставката, подносителката потенцира дека во 2017 година била оперирана од рак на дојка и после долго боледување и опоравување и било одобрено скратено работно време. Таа наведува дека работи на две официјални работни места во различни одделенија, што е премногу работа за четри часовно работно време.
Подносителката наведува дека на местата за кои конкурирала унапределе други лица, кои според неа не ги исполнуваат условите за конкретните работни места.

Комисијата, по разгледување на претставката утврди дека податоците во неа се нецелосни, односно не е наведена дискриминаторска основа. Земајќи го во предвид тоа, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 19.04.2023 година, до подносителката испрати Барање за доуредување на претставка бр.08-321/2.

На 08.05.2023 во архивата на Комисијата, пристигна Доуредување на претставка заведено под архивски број. 08-321/3. Во доуредувањето, подносителката, ги наведува истите податоци и повторно не ја наведува дискриминаторската основа.

Комисијата согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација , на 09.05.2023 година испрати Барање за произнесување по наводи од представка до Сања Лукаревска бр.08-321/4 и Барање за произнесување по наводи од представка до [redacted] бр.08-321/5 .

Во архивата на Комисијата, на 16.05.2023 година пристигна Произнесување по наводи од претставка од [redacted] на УЈП – РД Битола, заведено под архивски број 08-321/6. Во произнесувањето, се потенцира дека на интерен конкурс за унапредување бр.1/2022 објавен 30.12.2022 година се отворени 123 позиции на работни места на територија на УЈП – РСМ со можност за конкурирање, од кои во УЈП – РД Битола само 20 за регион кој опфаќа 135 вработени.
Со решение бр.04-6966/1 од 30.12.2022 година е формирана Комисија за селекција за унапредување од 6 члена, во кои не била вклучена потенцијалната дискриминаторка.
По селекција на документи, одржани се интервјуа во УЈП – РД Скопје. На интервју била и [redacted], за што потенцијалната дискриминаторка лично се заложила сите кандидати за унапредување да отидат на интервју со службени возила до Скопје.
За резултатите од интервјуто и целата постапка, секој вработен кој конкурирал добил Известување со Одлука потпишана од Директорот на УЈП – Сања Лукаревска.
Наведено е дека работните задачи на вработената според Договорот за работа и се дадени од Раководител на Одделение за регистрација и утврдување на данок, земајќи го во предвид скратеното работно време. Се потенцира во произнесувањето дека различниот тип на неколку работни обврски, кои се само дел од споменатите две работни места во претставката, по обем не се големи и може да се комбинира во тие четри работни часа. Потенцијалната дискриминаторка наведува дека на објавениот

оглас за унапредување на 20 работни места за регион од 135 вработени, не е можно сите да бидат унапредени по тој оглас и нагласува дека сигурно ќе има уште вакви огласи и можност за унапредување.
Дополнително, во произнесувањето се наведува дека во 2019 година се водела дисциплинска постапка за [redacted] од страна на Единицата за професионални стандарди при УЈП, за испитување на нејзиното работно ангажирање во хотел во Хрватска како собарка за време на летен одмор, додека истовремено користела боледување и не доаѓала на работа во УЈП. Управниккот на УЈП – РД Битола, односно потенцијалниот дискриминатор, наведува дека таа лично се заложила и сугериралаа на Единицата за професионални стандарди при УЈП, дека станува збор за вработена која била подложена на тешка операција и дека можеби за време на боледувањето е на одмор во Хрватска за да користи морска вода и сонце како лек. Дисциплинската постапка е завршена со изрекување на парична казна, без поголеми последици.
Во произнесувањети се напоменува и дека во повеќе наврати во изминатите години, во УЈП пристигнувале поплаки за манипулација, флертување и уценување од страна на [redacted] во нејзино слободно време.

На 21.06.2023 година во архивата на Комисијата, пристигна Произнесување по наводи од претставка од Сања Лукаревска, директор на УЈП, заведено под архивски број 08-321/7. Во произнесувањето, потенцијалниот дискриминатор ги отфрла сите наводи за дискриминација. Се нагласува дека согласно актот за организација и систематизација на работните места во УЈП, Директорот на УЈП не е непосредно претпоставен на вработената. Директорот согласно своите надлежности донел Договор/Анекс за распоредување на вработената на соодветно работно место, но работните обврски што вистински ги извршувала вработената се во надлежност на нејзиниот непосредно претпоставен.
Во однос на наводите во претставката кои се однесуваат на Интерниот конкурс за унапредување, се истакнува дека Одлука за избор е доставена до вработената за двете работни места на кои конкурирала. Работното искуство на подносителката на претставката кое е од значење за работното место е соодветно вреднувано и бодувано во фазата на административна селекција, а истото не е единствен и исклучив критериум врз основа на кој се стекнува вкупниот број на бодови по кој се врши рангирањето на кандидатите. Наводите во претставката кои се однесуваат на тоа дека подносителката на претставката ги извршувала работите и задачите од предметните работни места кога тие не биле пополнети, исто така биле предмет на вреднување од страна на Комисијата за унапредување. Во предвид било земено и Решението за изрекување на парична казна бр.04-4187/19 од 25.12.2019 година поради утврдена дисциплинска одговорност – повреда на работните обврски, злоупотреба на боледување од страна на подносителката на претставката, [redacted] кое е доставено во прилог.
Во прилог на произнесувањето доставена е целосната документација за спроведениот Интерен конкурс, за кој може да се заклучи дека е спроведен во согласност на

Упатството за спроведување на интерен конкурс за унапредување на даночните службеници и останатите вработени во управата за јавни приходи за пополнување на слободни работни места за даночни службеници.

Од наводите на претставката и одговорот од истата, Комисијата оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација. Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*
За да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.
Во претставката и нејзиното доуредување не е наведена дискриминаторска основа. Согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, основи на дискриминација се:
*„пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор"*
Дополнително, Комисијата не утврди основа врз основ на што подносителката била дискриминирана.
Притоа за да станува збор за дискриминација се утврдува и каузалната врска на нееднаквиот третман или постапување со определена дискриминаторска основа, односно дека определените дејства на сторителот на дискриминацијата се мотивирани од дискриминаторски основи, кои се наведени погоре.

Согласно член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РСМ бр.199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019; 14/2020; 302/2020)
*„Унапредувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата."*

Во конкретниот случај, земајќи го во предвид фактот дека со горенаведениот интерен оглас биле отворени за унапредување само 20 работни места за регион од 135 вработени, при што не е можно сите да бидат унапредени по тој оглас, како и фактот дека на сите кандидати од овој регион им бил обезбеден превоз со службено возило до Скопје и сите кандидати биле повикани на интервју и известени за резултатите, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е постапено селективно од страна на УЈП и подносителката на претставката не е доведена во понеповолна положба во однос на нејзините колеги, кои аплицирале на огласот.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на од страна на Сања Лукаровска, директор на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија и [redacted] на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија – Регионална дирекција Битола, кон лицето [redacted] од Битола.

Скопје
26.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик- претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
1. [redacted]
2. Сања Лукаревска, УЈП, Комплекс банки ББ, 1000 Скопје
3 [redacted]
4. Архива на КСЗД